Иван Микулчиќ

# УБИКАЦИЈА НА БИЛАЗОРА

Убицирањето на низа антички градови во Македонија стои сè уште отворено. Тоа се должи пред сè на недоволната истражувачка активност на теренот. Свесни сме дека уште многу години не ќе можеме со класични археолошки ископувања да ги опфатиме и новорегистрираните локалитети, дури ни оние што пружаат индиции дека на нив се крие некој позначаен антички центар. Тоа произлегува и од нашите материјални можности и веќе започнатите повеќегодишни ангажирања на порано откриените стари градови како што се Стоби, Скупи, Варош—Прилеп, Хераклеја.

Од друга страна, урнатините на неистражените градови и гратчиња видливи се на теренот и без ископувања. Населената површина може да се следи преку систематско картирање на сите површински и случајно откриени (изорани) архитектонски наоди. Овие се вклопуваат во рамките на одбранбени ѕидови, чија траса јасно се оцртува на теренот. На тој начин може за релативно кратко време и без посебни материјални издатоци да се изработи нивна планиметрија, да се дознае колку голема површина зафаќале, каков тип претставувале, кои и колку развојни етапи постоеле. А површинските и случајните подвижни наоди пружаат достаточно податоци за временско одредување на животот во нив.

Еден ваков пример претставува и Билазора, најголемиот пеонски град во предримско време. Во досегашната стручна литература за овој град е предлагана произволна локација — кај денешниот Титов Велес. Се поаѓало пред сè од сличноста на имињата Билазора — Велес[1]), меѓутоа за ова никој не побарал и материјални потврди на теренот. Така Билазора остана една од нашите клучни загатки.

[1]) F. Geyer, s. v. Makedonia, PW RE XIV, Stuttgart 1928, 661—662 и приведени постари идентични мислења: на Лик, Лолинг, Оберхумер, фон Хан и Дофлајн. Ова мислење го повторуваат: Г. Кацаров, Пеонија, Софија 1921, 4 и н.; — И. Венедиков, Земите по средниjа Вардар, Скопие 1943, 15; — Ф. Папазоглу, Македонски градови у римско доба, Скопје 1957, 232.

Со овој проблем се ангажирав во последните години и јас. Теренските мерења и проучувања што ги вршев во текот на 1974 и 1975 година, ме довеле до сосема нови решенија; тие упатуваат во една нова насока по која треба овој проблем да се развива. Да видиме во што е суштината на проблемот?

Прашањето е доста обемно и навидум сложено. Најнапред да видиме што е сочувано за овој град во старите записи.

Билазора ја спомнуваат само Полибиј и Тит Ливиј, двата веродостојни и многу објективни антички историчари. Ја спомнуваат во врска со политичките настани во овие краеви во 217. и 168. година пред н. е.

Сочуваниот фрагмент на Полибиј ( V, 97) интересен е по својата исцрпност. Тој гласи: „Во тоа време кралот Филип (V) ја освои Билазора, најголемиот град во Пеонија и погодно поставен кај влезовите од Дарданија во Македонија, и со овој потфат, речиси, се ослободи од стравот од Дарданците. Бидејќи на Дарданците не им беше лесно да навлезат во Македонија сè додека Филип ги држел (под контрола) влезовите кон споменатиот град. Откако ја осигурил (= утврдил?) Билазора, Филип итно го испратил Хризогон кон Горна Македонија, а самиот (со војската) тргнал преку Ботија и Амфакситида за Едеса".[2])

Заземањето на Билазора беше несомнено доста голем настан штом најде место во историјата на Полибиј. Исто така, Полибиј не прави никаква алузија на тоа дека Македонците и порано го држеле овој град. Тоа е една од индициите, поради која веќе Ф. Папазоглу станала против застареното мислење дека уште Антигон Гоната ја присоединил цела Поенија кон Македонија, а подоцна божем Антигон Дозон им го отстапил на Дарданците северниот дел на Пеонија со Билазора[3]). За владеењето на Антигонидите Дарданија навистина ја доживува својата најголема војна моќ. Тогаш се обидувала да ја наметне својата власт и на Пеонија. Пеонците, кои сè уште имаат своја независна држава и свои базилеји, веројатно за време на Антигон Дозон во Македонија морале да им ги отстапат на Дарданците своите најсеверни делови, со градот Билазора. Во тоа време во Пеонија владее кралот Дропион, внук на моќниот Аудолеон[4]).

Кога сето ова ќе го имаме предвид, тогаш е јасно дека борбата околу Билазора не била само борба за спомнатите патишта што воделе од Дарданија во Пеонија и натаму во Македонија. Тоа беше борба за целосното присоединување на Пеонија кон Македонија (217 година пред н. е.).

---

2) Во најново време кај нас овој фрагмент го презентира и делумно коментира Ф. Папазоглу, Средњебалканска племена у предримско доба, Сарајево 1969, 429 — Д 19.

3) Исто, 111—112.

4) Исто, 112.

По ова, Билазора се спомнува уште еднаш, кога Ливиј зборува за подготовките на кралот Персеј за последната голема војна помеѓу Македонија и Рим. Персеј се обидува да склучи договор со една група Гали и како платени наемници да ги употреби во борба против Римјаните. Тоа се случувало во 168 год. пред н. е. Нас нè интересира следниот пасус (XLIV, 26, 7—8): „(Персеј) пристигнал кај градот Алмана и на бреговите на реката Аксиј (= Вардар) подигнал логор. Кај Десудаба во Медика се наоѓала војската на Галите, каде чекале на договорената плата. Таму (Персеј) го испрати Антигон, еден од одличниците, кој повикал мнозина Гали кај Билазора — оваа се наоѓа во Пеонија — да подигнат логор и нивни водачи да дојдат кај него (на преговори). Тие се наоѓале на 75 миљи од реката Аксиј и логорот на кралот (Персеј)"[5]).

*

* *

Речиси, сите оние што се занимавале со историјата на античка Македонија, ја повторувале фиктивната убикација на Билазора кај денешниот Титов Велес. Познавајќи ги текстовите на Полибиј и Ливиј, тие правилно ја побарале Билазора на северниот крај на Пеонија, покрај познатиот вардарски пат. Позицијата на клисурите северно и јужно од Т. Велес, кои лесно можеле да се бранат, а низ кои поминува и современата вардарска магистрала, им се учинила сосем веројатна. А на ова се надоврзува и сличноста на имињата Билазора — Велес. Сепак, првото споменување на словенскиот град Велес доаѓа цели 12 векови по последното споменување на Билазора[6]). А толку голема временска дистанца ја исклучува можноста за пренесување на старото античко име во името на словенскиот град. Ова впрочем го запазила и Ф. Папазоглу и помислила дури на случајноста во сличноста на двете имиња[7]). Да напомнам дека Велес е име на големото старословенско хтонско божество, познато и како еднookиот заштитник на стадата[8]).

* *

*

## II. АРХЕОЛОШКИ НАОДИ КАЈ ТИТОВ ВЕЛЕС

Претпоставката, изнесена и повторувана од спомнатите историчари, има и материјални, археолошки потврди на теренот.

---

5) Titi Livii Ab urbe condita libri, ed. W. Weissenborn, Berlin 1866, XXXXIIII, 26, 7—8.

6) J. Иванов, Блгарски старини из Македонија, Софија 1931 (1970), 552, гл. LXVII.

7) Ф. Папазоглу, Мак. градови, 232.

8) В. Чајкановиќ, Мит и религија у Срба, Београд 1973, 323, 327, 585.

До јужната периферија на Т. Велес лежат урнатините на средновековниот град Велес. Сместени се на влезот во Велешката клисура, на ридот Кале што доминира над составот на Тополка во Вардар. Ритчето Кале е карпесто, голо и суво, во вид на долг и тесен гребен кој од јужната страна преку благо седло се поврзува со повисоки ридишта. На врвот се протега издолжено плато, покриено со дебели културни слоеви и опфатено со рамка на одбранбени ѕидови. Ѕидовите затвораат површина голема вкупно 3,5 хектара (сп. сл. 2).

Ова е средновековниот град. Во текот на доцен среден век, низ источната и северна падина се развило големо подградие, достигнувајќи го подножјето на ридот (западната падина е сосем стрма и карпеста и не била никогаш населувана). Подградието достигало површина од преку 4, можеби до 5 хектари. До него е доведена вода преку седлото од југ. Од куќите на подградието денес се гледаат бројни грамади и јасни површински траги, а стојат уште 2 мали црквички и големиот манастир со црквата на Св. Димитрие.

Во рамките на средновековниот град постојат и постари остатоци. На јужниот, највисокиот крај на градот (акрополата) лежат темели од одбранбен ѕид и кула кои несомнено потекнуваат од крајот на антиката (VI век). Од тоа време датира несомнено и една цистерна за вода на истата „акропола", сè уште видлива и обложена со специфична хидростатна изолација од керамика[9]). Исто така се среќава и многу грнчарија и покривни тегули од тоа време.

Да заклучиме: на Велешкото Кале стоело и едно добро укрепено гратче — кастел од доцноантичко време.

Меѓу површинските наоди, а во рамките на средновековниот град, со диви копања во најново време исфрлени се на површина и фрагменти од грнчарија од хеленистичко време[10]). Керамиката е извлечена од долните слоеви на платото, а просторно се шири во рамките на укрепеното плато.

Положбата на овие наоди на платото, на врвот од ридот, кажува дека и населбата од хеленистичко време била од утврден (укрепен) тип. Линијата на одбранбениот ѕид можела да води само покрај линијата на средновековниот градски ѕид; ова убедливо го индицира конфигурацијата на теренот и профилите на културните слоеви внатре, не дозволувајќи некоја друга траса.

---

9) Во 1975 година детално го рекогносцирав локалитетот. Керамичката изолација од спомнатата цистерна идентична е на онаа од цистерните на „М. Кули" — Водно над Скопје, од VI век; сп. И. Микулчиќ, За местоположбата на античкото Скопје, Историја IX—2, Скопје 1973, 270—271 и план III.

10) Рекогносцирано во 1975 година; наодите се чуваат во Народниот музеј во Титов Велес.

Од ова може да заклучиме: на Велешкото Кале стоел и еден укрепен опидум од пеонско (хеленистичко) време, голем 3—3,5 хектара.

Модерната и средновековната вардарска магистрала поминувале вдолж источното подножје на Калето. Несомнено и во доцноантичкото и предримско време тука врвел еден пат, бидејќи постоела населба на Калето. Секој насилен продир по таа траса можел извонредно да се контролира и отежни или сосем спречи во Велешката клисура, од посадата на Калето. Ова сосем се совпаѓа и со проблемот на Билазора. Проблемот како целосно да е решен.

Меѓутоа, сега се поставуваат вистински проблеми. Ниту ова бил единствен пат од Дарданија кон Пеонија ниту на Калето можел да се смести „најголемиот град во Пеонија". Полибиј ова изричито го нагласува. Последните години вршев интензивно мерења на голем број населби од предримско време во рамките на античка Пеонија како и соседните Амфакситида, Пелагонија, Дасаретија, Медика, Дарданија. Познати ми се димензии на околу 30 утврдени населби — градови и гратчиња од тоа време. Ако ги упоредиме со остатоците на Велешкото Кале, можам да го кажам следното:

— обемот на платото на Велешкото Кале, на кое се простирал хеленистичкиот слој на живеење, е релативно мал и многу далеку од епитетот што Полибиј ѝ дава на Билазора. Некој можеби ќе инсистира дека биле населени и падините на ридот, во максималниот обем на средновековното подградие. Тогаш би се добила вкупна површина од околу 8, максимално 9 хектари. Меѓутоа и вкупната површина, добиена со ова удвостручување, далеку е од можностите тука да егзистирал „најголемиот град во Пеонија." Веднаш повторувам дека траги од хеленистички слој не се евидентни на спомнатите падини, туку само на горното плато. А и поблиската околина на ридот Кале е стерилна во таа смисла. Значи, Билазора треба да се бара на некое друго место.

Следниот факт што зборува е постоењето на повеќе траси на патишта, по кои Дарданците можеле да навлегуваат во Пеонија и натаму во Македонија. А ова е забележано и кај Полибие. Тој двапати зборува во множина за прелезите (влезовите) од Дарданија во Македонија. Ова не може да биде случајно. Впрочем, Полибие е секогаш прецизен и со јасно искажани мисли. Да видиме што ни кажуваат трагите и индициите на теренот.

## III. ПОГРАНИЧНИ АНТИЧКИ ПАТИШТА

1. — **Патот низ теснецот на Вардар.** Во римско време еден пат водел од скопската котлина на југ по клисурата на Вардар

(Таорска клисура). Потврден е со археолошките остатоци на теренот. Од Катланово, каде се најдени римски миљокази (бр. 33 на сл. 1 и кое претставува природна крстосница[11]), една траса водела западно покрај клисурата на Пчиња, качувајќи се на блага планинска коса кај Бадер и покрај Кожле се спуштала кон устието на Пчиња во Вардар. Патот уште јасно се назирал кога Еванс пред еден век крстосувал по овие краишта[12]). Натаму, патот продолжувал низ теснецот на Вардар каде и сега наместа се гледаат траги, до под челото на истурениот срт Сопотско Кале; на него тогаш стоел мал погваничен кастел, а спроти него, во подножјето (кај жел. постојка Влахчане) една бенефицијарна станица. (бр. 39, 40 на сл. 1). Тука е најтесно место во целата клисура и истата најлесно може да се контролира; тука била границата помеѓу провинциите Македонија и Горна Мезија во римско време, а пред тоа помеѓу античката Пеонија и варварска Дарданија.

Од Сопотското Кале на југоисток патот се оддалечувал од Вардар, одбегнувајќи ги непроодните карпи кај Новачани и во благ лак избивал под доминантниот рид Отовичко Кале (бр. 12 на сл. 1). На овој стојат урнатини од еден предримски (пеонски) кастел[13]). Значајно е што оттука кон југоисток водат две траси:

— првата води кон денешниот Титов Велес, а потоа низ клисурата по Вардар (и покрај Велешкото Кале) на југ. Ова е средновековниот пат, користен како магистрален вардарски пат сè до 1974 година. По оваа траса водел несомнено еден пат и во античко време, меѓутоа многу рискантен, бидејќи со локална заседа од Велешкото Кале можело на секој насилник да му се прават големи пречки.

— Втората траса води од Отовичкото Кале по благо разбранет терен источно од високиот рид Св. Илија, на 2—3 км. источно од Велешката клисура, а паралелно со неа и избива на Вардар на питомиот потез Веноле[14]), јужно од устието на Бабуна во Вардар. По оваа траса води денешниот автопат, завршен во 1974 година, одбегнувајќи ја така тешката и многу тесна Велешка клисура (сп. сл. 1).

---

11) Н. Вулић, Антички споменици из наше земље, Споменик САН XCVIII, Београд 1948, №. 437, 438. — И. Микулчиќ, Територија Скупа, Жива Антика кн. XXI—2, Скопје 1971, 466.

12) A. Evans, Antiquarian Researches in Illyricum III—IV, Archaeology Vol. 49/1, London 1885, 142.

13) Во текот на 1975 година изработив детална планиметрија на истиот. Инаку, овој доминантен објект досега е земан во обзир кај убицирањето на станицата ad Cephalon — сп. Т. Томоски, Прилог за реконструкција на Табула Пеутингериана на делницата Скупи—Стоби, Жива Антика XI—1, Скопје 1961, 117—118 (како локалитет „Бела Вода“ кај Новачани).

14) Тука, на потегот Веноле, констатирав голема населба од отворен тип — еден богат vicus од римско време.

На оваа втора траса нема природни препреки и со некоја локална заседа не можеле да се спречат насилни продори. Населбата од Велешкото Кале тука немала никаква контрола.

2. **Патот источно од Вардарска клисура.** Водел паралелно со претходниот пат и со клисурата на Вардар, меѓутоа по висорамнина, на 2—5 км источно од клисурата. Патот поаѓал од Катланово на исток, кај Брезица стрмо се качувал по косата на венецот Црн Врв до висорамнината, а потоа по питома траса во права линија водел на југ; се спуштал благо до под Отовичко Кале. Понатаму, трасите веќе ни се познати.

Овој пат бил магистрален во турско време (и цел Среден век?) и таа улога ја задржал до 1965 година, кога е просечен автопат низ клисурата на Вардар (сп. сл. 1).

На северниот крај на оваа траса, над највисокото место до кое се искачувал патот (1 км северно од с. Брезица), стои ритче Градиште со маркантен доцноантички кастел. (бр. 36 на сл. 1). Овој се наднесува над трасата и несомнено го контролирал движењето по патот кој, значи, функционирал и во тоа време.

3. **Патот Катланово — Овчеполе.** Од Катланово поаѓа трета траса право на исток, по тесна но добро проодна планинска долинка покрај Катлановска Бања[15]) и с. Градманци, а потоа се дели во две насоки: кон Овчеполе на исток и кон Рудник и натаму Отовичко Кале на југ. Единствената бариера се ниски седла на венецот Црн Врв. Денес тука водат локални селски патишта, но има индиции дека интензивно е користена во античко време и Среден век. Тоа го потврдуваат од скопската страна остатоците во Катлан. Бања, а од овчеполската — урнатините на гратчето на „Д. Градиште" кај Трстеник[16]) и средновековното гратче на „Кула", 2 км западно од претходното, а сосем блиску до трасата на патот[17]) (бр. 37 г. 38 на сл. 1).

Оваа природна траса можела логично да се користи и во предримско време.

4. И северно од последниот пат постојат патишта од скопската котлина кон Овчеполе. Најпозната е трасата Миладиновци — Г. Коњаре — Катлановска Сушица, (антички миљоказ — бр.

---

[15]) Во Катлановската Бања евидентирани се бројни остатоци од римско време: каптажи за топла вода, повеќе десетици басени всечени во карпа и убаво ѕидани басени со меремерна оплата под денешната бањска зграда. Теренски истражувања во 1968 година. Бр. 34 на сл. 1.

[16]) Ова беше несомнено управниот центар на цело Овчеполе во доцноантичко време. Импресионираат силни одбранбени ѕидови, остатоци од триаголни кули, петоаголен резервоар на источниот крај, голема базилика јужно од гратчето.

[17]) Ова средновековно „гратче", всушност мало феудално упориште, засега е единствено од овој тип и од ова време во цело Овчеполе. Блискиот Ѓуришки манастир добил име веројатно од него: Горица? — турски Ѓурице — спрема Т. Томоски, професор на овој факултет, со кого вршевме теренски истражувања во овој регион во 1974 година.

32 на сл. 1 и остатоци од римски пат и римски мост на Пчиња), која преку седлото на Градешка планина избива на Преод во Овчеполе. Името на последново село јасно зборува за функционалноста на овој планински премин. Оваа траса денес е повторно многу актуелна — тука треба да се гради автомобилскиот пат Скопје — Овчеполе — Штип.

*
* *

Потсетувам дека денешното Овчеполе го претставувало најсеверниот дел на Пеонија (а потоа Македонија и римска провинција Македонија). Оваа област лежела воедно и најблиску до некогашната Дарданија (скопската котлина) и со неа се граничела по долгата и ниска разводна линија на Градешка планина и Црн Врв[18]). Преку оваа линија воделе повеќе патишта, најлесни и најкуси врски помеѓу Дарднија и Пеонија. Зачудува тогаш што овој проверен факт обично сите го заборавам е и продорот на Дарданците упорно го замислуваме по најрискантниот за нив пат — низ клисурите на Вардар северно и јужно од Т. Велес, каде и мала заседа можела секому да му нанесе големи загуби.

Сѐ ова ме наведе детално да ги рекогносцирам северно-пеонските делови, а особено Овчеполе. Утврдени населби од предримско време регистрирани се тука на повеќе места (сп. сл. 1). Меѓу нив се издвојува населбата „Градиште" кај с. Кнежје, вистински гигант во споредба со другите наши населби од тоа време и по многу нешта единствена. Ќе дадам основен приказ на ова наоѓалиште.

## IV. ГРАДИШТЕ КАЈ С. КНЕЖЈЕ

Локалитетот лежи на југоисточната периферија на с. Кнежје, 3 км западно од Св. Николе. Сместен е на западниот раб на овчеполската рамнина[19]), на периферна тераса висока 50—70

18) Оваа граница денес е веќе сосем јасна и неоспорна. Ф. Папазоглу, Мак. градови, 82—83, прва ја зема оваа граница како сигурна, а се базира на карактерот на епиграфскиот материјал најден во Овчеполе (изразито македонски тип на споменици, грчко-македонски имиња, датирање според македонската ера). Додавам дека и координатите од Птолемеј за тромеѓата помеѓу провинциите Мезија, Македонија и Тракија се сосем точни — оваа се наоѓала на северната периферија на Овчеполе (веројатно на планинскиот јазел Асаница). Пеонскиот карактер на Овчеполе потврден е и со подвижните археолошки наоди од предримско време, кои се разликуваат како од наодите од тракиската така и оние од дарданската територија.

19) Прв приказ на овој локалитет, макар што нестручен, дал Ѓ. Трајковски (со Ж. Винчиќ), Село Кнежје Св. Николско — археолошки локалитет „Градиште" и „Над бавчи", Историја кн. IX—2, Скопје 1973, 255—261.

м над полето. (сп. сл. 3). Централниот дел на населбата претставува овално плато, изразито наведнато кон север, а во средина издлабено и пропаднато. Тоа се случило уште во вековите пред да се подигне прва населба на тоа место, кога пороите длабоко ги засекле слоевите на глина и мек песочник на платото. Овој пороен засек е разгранет: почетните гранки му започнуваат на југ, југоисток и исток и се сливаат кон главната бразда, длабока преку 20 м; истата води кон север, го пробива северното чело на платото и излегува во коритото на Кнешка река (бр. 5 на сл. 4).

Овој порој, заштитен кружно од сите страни со висок раб на платото, претставувал несомнено прво засолниште на сточарите од околниот степски регион. Во него се влегувало од север, од рекичката, по главниот колектор. Со време, по работ на платото е подигнат бедем и оформена голема населба.

**Одбранбени ѕидови.** Остатоците што денес се гледаат на теренот потекнуваат од хеленистичкиот период (пеонска историска епоха). Вдолж северниот, североисточниот и западниот раб се протега низок насип, денес деформисан и раширен со ерозија. Од југоисточната и југозападната страна насипан е гигантски бедем, висок сега уште 7—8 (а на места и 10) м. Некогашната висина била многу поголема, ако констатираме дека од короната на насипот до подножјето, ерозијата симнала огромен материјал во вид на ешарпа, широка и преку 20 м. Нивото на теренот од внатрешната страна многу е повисок од теренот надвор од бедемот.

Бедемот е насипан од глина и камен. На неговата корона, од надворешната страна, се протегала линија на каменен ѕид. Овој ѕид имал надворешно лице градено од делкани блоковиквадери, а внатрешноста (јадрото) на ѕидот била натрупана од поситен камен и глина. Делканите блокови селаните ги извадиле во најголем дел и ги вградиле во селските куќи и помошни објекти[20]). Денес секој посетител ќе застане пред црквата на влезот во селото, што стои пред северното чело на Градиште: нејзините ѕидови како и припратата и дворот околу неа изградени се претежно од убави квадери симнати од Градиштето.

Според сеќавањата на актерите на оваа „експлоатација" на камен, ѕидовите биле широки 2,5—3 м.

Со спомнатиот бедем и ѕид на бедемот, бил опфатен неправилен елипсест простор, долг до 485 м (во правецот С—Ј) и широк до 330 м (З—И). Тоа е всушност внатрешниот, секако постар одбранбен ѕид. Постои и надворешен одбранбен појас, кој делумно го опфаќа внатрешниот бедем, а главно кружи околу големото јужно „подградие".

---

20) Ѓ. Трајковски, н. д., 256, ги изнесува сеќавањата на селаните што активно ги ваделе овие ѕидишта, а најинтензивно околу 1930. година.

Овој ѕид почнува на север, на северното чело на платото и води по североисточната и источна падина, на 20—25 м под линијата на внатрешниот бедем, а паралелно со него (бр. 6 на планот). Имал за задача да ја удвостручи одбранбената моќ на источната страна на градот, која е доста ранлива.

Овој ѕид продолжувл во иста линија натаму на југоисток, опфаќајќи го воедно и јужното подградие. По должината од вкупно 550 м ѕидот остро се ломи кон југ (точка 11 на планот) — тука е искористен длабок природен засек во платото, по чиј остар раб е изградена југоисточната линија на одбранбен ѕид; оваа е долга близу 300 м.

Со јужниот крај на спомнатиот засек (кај т. 10 на планот) се поврзува еден вештачки прокопан ров за одбрана, што сече ниско седло — најлесен пристап во градот. Ровот бил широк 45—60 м ,а денес е со орање речиси сосем затрупан. По северниот раб на ровот, во насока З—И, се протегал јужниот ѕид, долг околу 220 м. На запад допирал до врвот на еден многу длабок пороен засек, кој од запад ја штител населбата (бр. 7 на планот).

Од оваа точка одбранбениот ѕид скршнувал кон север (бр. 8 на планот), по работ на спомнатиот порој, а во должина од близу 300 м. и се поврзувал со внатрешниот бедем. На тој состав јасно се распознават контурите на еден влез-порта (бр. 3 на планот).

Спомнатиот западен пороен засек (бр. 7) се протега вдолж целата западна страна на населбата. Тој е многу подлабок од внатрешниот порој, со стрми страни, длабок наместа до 40 м. Благодарение на ова, западната страна на населбата била најдобро заштитена и затоа тука (северно од точката 3) немало потреба за двоен ѕид.

Посматрајќи ја целата населена површина опфатена со одбранбен ѕид, таа имала неправилна издолжена површина голема 19,62 хектари. Најголема должина во правецот С—Ј изнесува 665 м, а ширина (З—Ј) до 360 м. Ова е засега најголема позната населба од предримско време во нашата република, далеку пред другите населби од тоа време.

**Други градежни остатоци.** Просторот во јужниот клин на внатрешниот бедем (бр. 1 на планот) е највисок и доминира над целата населба. Поставен е во центарот на населбата и најдобро е бранет. Кон север одвоен е од другиот дел на платото со еден внатрешен одбранбен ѕид (бр. 2 на планот). Овој ѕид потпира тераса висока наместа до 5 м. Лицето на ѕидот, раскопано сега на западниот крај, сложено е од исти големи делкани блокови како и надворешните ѕидови. Квадерите се сечени од

варовник и гранит кои се носени од поголема оддалеченост[21]), како и од локален песочник (сл. 5).

Близу внатрешната страна на овој ѕид, со диво копање се извлечени ѕидови од некоја голем градба (црн правоаголник јужно од т. 2 на планот). Оваа била градена од исти убави квадери. Можеби е во прашање вовлечена порта или кула до влезот на најгорната тераса? Во купиштата на делкани камења на ова место денес лежат и многу парчиња на грнчарија од класичното и хеленистичко време, како и голем број покривни тегули. Овие имаат речиси редовно една страна мазна и боена со посен темно-црвен до кафеав фирнис. Рабовите на тегули благо се извиени, ѕидовите релативно тенки. Тоа е типичен хеленистички производ (сп. сл. 10, Кн. 61, 62).

Инаку, на целата горна тераса има изразито многу површински наоди кои се воедно и најрепрезентативни. Тука несомнено живеела месната аристократија.

Северно од спомнатиот внатрешен одбранбен ѕид се протега уште една изразита тераса, чие лице било исто така обложено со силен ѕид (бр. 4 на планот). На тој начин, платото е изделено во три тераси. Средната тераса имала директен прелез — порта во западниот бедем (бр. 3 на планот).

Најдолната, северна тераса која воедно е и најголема, пружа денес најмалку површински наоди. Затоа во профилите на пороjните бразди може по цела нивна должина да се следат културни слоеви, со понекој каменен темел и многу грнчарија. На северниот крај на главната пороjна бразда, во линијата на северниот бедем, се наоѓал главниот (и несомнено единствен) северен влез во населбата.

**„Подградието"**, т. з. просторот јужно од внатрешниот бедем, е покриен денес со ниви кои биле обработувани (орани) до пред некоја година. Теренот е исчистен, зарамнет и посеан со подвижни наоди што со плуг се извлечени на површина: камен од темели, покривни тегули, делови од многу питоси и повеќе рачни мелници од камен[22]), многу грнчарија. Со систематско и детално проверување кај сопствениците на земјиштево, точно е снимен станбениот регион и фиксирана линијата на источниот и јужниот одбранбен ѕид.

Јужно и југозападно од одбранбениот ров, пред населбата, на голема површина се протега античка некропола. Тука со орање се откриени и отворени повеќе антички гробови. Биле градени од камени плочи, во форма на циста, со понекој железен предмет како гробни прилози. Гробови со идентична кон-

21) Исто, 257, наведува и лежишта (мадеми) на овие минерали, од каде можеби се вадени блоковите за Кнешкото градиште.

22) Овие наоди ги заваривме на теренот во 1974. и 1975. година. Инаку и Ѓ. Трајковски во н. д., стр. 256, приведува низа наоди откриени порано, меѓу нив исто камени мелници и повеќе цели и големи керамични питоси (истиот погрешно ги интерпретира како средновековни).

струкција постојат и на падината околу 500 м. северно од челото на населбата (кај селските гробишта): од еден гроб раскопан пред неколку години (скелетен закоп, маж-ратник), потекнуваат врвови од копје, махајра и мали ножови, изработени од железо[23])

**Грнчарија.** Во профилите вдолж поројните бразди може да се следи извесна стратиграфија; најсилни се слоевите во средната и горна тераса во внатрешниот бедем. Во долните слоеви лежи претежно грнчарија работена со слободна рака. Според бојата, фактурата, украсите и формите на садовите тоа е доцнохалштатска керамика. Со неа мешано се среќава сиво-печена грнчарија работена на грнчарско коло. Истата керамика преовладува во горните слоеви и сосем ја истиснува претходната категорија.

Површинските наоди што ги собравме беа навистина многу богати, што овозможило едена целосна студија на истата. Благодарение на ова богатство, може да се доближиме до апсолутната ситуација на керамичкиот материјал што беше во употреба во оваа населба[24]).

**А. Халштатска керамика.** Работена е со слободна рака. Глината содржи примеса на лискун (мика) или кварцитни зрна. Печена е релативно слабо и има најчесто нееднаква боја — кафеаво-сива, темна до црна. Карактеристични украси се:

— плитко врежани тенки линии, кои формираат долги триаголници исполнети со шрафирање. Триаголниците биле врежани на лончиња, во венец околу рамото, а со врвови спуштени надолу (сл. 6, кн. 42).

— Плитки чинии со вовлечен раб на устата, чие надворешно лице најчесто е остро фасетирано (сл. 6 и 10, Кн. 47, 52, 46). По работ околу устата и понекогаш низ рамото се протегаат низи од врежани цртички, изведени со назабено тркалце („радла"; сп. сл. 6 и 10, Кн. 45, 46, 47, 52, 57, 58).

— Подлабоки лончиња, чии што ѕидови се украсени со паралелни хоризонтални канелури. Канелурите се широки, убаво мазнети и со остри рабови—ребра со кои меѓусебно се допираат (сл. 10, Кн. 57, 58).

— Вертикални рачки од лончиња, со карактеристичен правоаголен пресек; надолу тие изразито се прошируваат, а за мевот на садот прицврстени се со типичен керамичен чеп. Овој во вид на закивка го пробива мевот на садот и однатре е „закован".

Сите овие обележја ги среќаваме на познатите халшатски наоѓалишта во тој крај: на некрополите „Орлова Чука" — с.

[23]) Наодите се чуваат во Народниот музеј во Штип.

[24]) Избор на овие наоди се чува во керамичката археолошка збирка на Филозофскиот факултет во Скопје. Инвентарирани се со сигнатура **Кн.** (= Кнежје), и со оваа сигнатура и соодветни броеви ги приведувам натаму во приказот.

Караорман[25]), „Г. Поле" — Караорман[26]), „Криви Дол" — с. Радања[27]) близу Штип и други локалитети во сливот на Брегалница. Датирани се во доцниот VIII, VII и VI век пред н. е.

Меѓу попростата грнчарија од Кнежје многу чести се големи и длабоки лонци во форма на бочва, со 2 или повеќе рачки во форма на потковица; овие се налепени сосем горе на садот (сл. 6 и 10, Кн. 41, 43). Овој маркантен елемент не е халштатски. Се појавува на источните пеонски наоѓалишта што контактирале со тракискиот културен круг. Овие рачки ги следиме од крајот на халштатската епоха па, речиси, сè до почетоците на римската епоха. Несомнено тоа е еден од елементите, преку кои може да се следи културната и етничка експанзија на соседниот тракиски елемент во источните пеонки области[28]).

Вакви рачки потврдени се во гробовите во Караорман кај Штип од раниот V век[29]), натаму на населбите „Градиште" — с. Д. Ѓуѓанце и „Теќе" — с. Мамутчево на Овчеполе, на „Градиште" — с. Мородвис, „Змијарник" — с. Караорман, „Пилав Тепе" — с. Шопур, „Извор" — Валандово, „Исар" — с. Марвинци, „Кули" — с. Демир Капија, „Видинград" — с. Водоврати и др.[30]). Овој елемент е многу чест и на наоѓалиштата во скопско-кумановскиот басен и во јужноморавската долина кон север, каде живеел еден палеотракиски субстрат[31]).

**Б. Грнчарија работена на коло.** Оваа категорија е претставена претежно со сиво-печената керамика, цврсто печена. Однадвор е украсена со мазнење (пред да се пече), а пред тоа површината била премачкувана помалку или повеќе со графитен раствор.

Вака графитирани вази, без да се обојат потоа и со лак, служеле за амбалажа или други кујнски потреби (хидрии, кани, лонци и др. — сл. 8, Кн. 5, 10, 23 и 24; сл. 9, Кн. 17).

Другите, помали и пофини садови се украсени и со лак. Преовладува сосем разреден, безбоен лак кој понекогаш дава

25) И. Микулчиќ, Могили од Орлова Чука кај Караорман, Зборник на Нар. музеј кн. II, Штип 1961, 47—64, Т. IV и V.

26) И. Микулчић, Извештај са ископавања халшт. некрополе Горно Поле код села Ст. Караорман, Зборник на музејот кн. I, Штип 1959, 96 и н.

27) М. — Д. Гарашанин, Археолошка ископавања у Радању — Криви Дол, Зборник I, Штип 1959, 24 и н.

28) Големиот продор на Траките (Маиди) во источните делови на Пеонија во последните векови пред н. е. и целосно „тракизирање" на овие области прв го согледал И. Венедиков, Баргала, Разкопки и проучвания I, София 1949, 82 и н.

29) И. Микулчиќ, Илирско-архајски гробови из околине Штипа, Старинар Н. С. XIII—XIV, Београд 1963, 197—209 и сл. 29.

30) Податоци што ги собрав во теренските истражувања на тие локалитети во текот на 1975. година; керамичкиот материјал се чува во факултетската керамичка збирка.

31) За ова упатувам пред сè на: И. Микулчиќ — М. Јовановић, Хеленистички опидум из Кршевице код Врања, Врањски гласник књ. IV, Врање 1968, 355—375, и илустрациите на Т. V, VII, IX, X и XX,

изразит сребрен одблесок, а карактеристичен е за хеленистичката епоха (главно III и II век пред н. е.[32]). Ретко е застапен погуст лак—„фирнис" од нееднаква кафеава боја (сл. 7, Кн. 4; сл. 8, Кн. 6, 7, 11, 18; сл. 10, Кн. 65, 71). Ваков лак се среќава на македонските наоѓалишта во класичниот и ранохеленистичкиот период. Во Кнежје овој лак е застапен и на спомнатите покривни тегули (сл. 10, Кн. 61, 62).

Покрај сивата керамика како стандарден домашен производ, застапена е во мало количество и грнчарија печена во интензивна керамидно-окерна боја. И оваа е од домашно потекло, а директно ја имитира атичката стока од V и IV век). Ова копирање се огледа и во формите на вазите како и украсот — црвениот фирнис (сл. 7 и 10, Кн. 13, 25, 26, 28, 65, 66).

Керамичките форми се сосем хеленизирани. Меѓу големите вази преовладуваат хидрии и кани, поретко ојнохои, кратери, длабоки чинии. Импортовани амбалажни амфори се ретки (сл. 10, Кн. 63, 64).

Меѓу формите на трпезната керамика најбројни се чинии. На прво место доаѓа калотеста форма со вовлечена уста; меѓутоа, се јавуваат и такви специфични форми како што се ихтиите, ама работени во домашна техника (сл. 7, Кн. 7)[33]). Меѓу доцнокласичните и хеленистички форми маркантни се и скифосите (сл. 7, Кн. 25; сл. 10, Кн. 25, 69), кантаросите (сл. 7, Кн. 65; Сл. 10, Кн. 65, 71, 73), па и делови од калапени „мегарски" чаши (сл. 10, Кн. 70).

*

* *

Да го заклучиме овој преглед со следната констатација: според керамичните наоди, животот на Кнешкото градиште започнал некаде во халштатската епоха, веројатно во VII—VI век пред н. е. Тој продолжил непрекинато низ класичната и хеленистичка епоха, достигајќи го раниот II век пред н. е. По изразито богатиот материјал од IV, III и раниот II век — кој е и броен и разноврсен и богат — настапува остар прекин. Немаме ништо од новите керамички техники и форми што го карактеризираат доцнохеленистичкиот период. Се наметнува заклучок дека животот во овој град престанал некаде кон средината на II век пред н. е., и не се обновувал повторно[34]).

---

32) И. Микулчић, Пелагонија у светлости археолошких налаза, Diss. iugosl. III, Београд 1966, 53—54 и 76.

33) Исто, 53 и Т. XV, x.

34) Доцнохеленистичкиот керамички материјал е маркантен и специфичен, меѓутоа истиот сосема отсуствува од овој локалитет. Исто така нема никакви наоди ниту од следната, римска епоха, ниту од подоцна (Среден век), како тоа го напишал Ѓ. Трајковски. Овој добронамерен историчар и искрен љубител на старините од неговото родно Кнежје заслужува многу пофалби за обид, Кнешкото градиште да го предочи на јавноста. Сепак, морам да нагласм дека неговата хронологија е сосем произволна и не се базира на познавањето на археолошкиот материјал.

Директни историски потврди за ова немаме. Меѓутоа, индиректни патокази за уништувањето на кнешкото градиште постојат. Уште за време на II македонско-римска војна дарданските одреди им помагаат на Римјаните, пустошејќи и разурнувајќи ги најсеверните области на Македонија — Пелагонија и Пеонија. Тие продолжуваат со овие продори и во времето кога Македонија станала римска провинција[35]). Дури по големата и ужасна „дарданска војна“ што ја повел римскиот наместник Гај Скрибониј Курион против Дарданците (75—73 г. пред н. е.) била скршена нивната моќ. Од овие времиња познати се неколку големи разурнувачки походи и на други балкански племиња преку Пеонија кон југ[36]). Затоа римскиот историчар и географ Страбон ќе забележи (кн. VII, 325) дека многу македонски области кои порано имале многу градови, по римските освојувања и пустошења сосем опустеле.

## V. КНЕШКОТО ГРАДИШТЕ И БИЛАЗОРА

Уште еднаш ќе подвлечам дека со својата големина од, речиси, 20 хектари населбата на Кнешкото градиште стои далеку пред другите градови и гратчиња од тоа време кај нас. Нивната површина изнесува најчесто 2—3 хектара (= гратчиња), а кај најголемите и 5—10 ха (=градови). Освен тоа, во цела северна Пеонија нема друга населба која по обемот би можела да се доближи до категоријата „град“, макар и од средна големина (за гратчето на Велешкото Кале зборував напред). И прикажаните одбранбени бедеми во Кнежје претставуваат своевресен феномен — тие се всушност одраз на големината на овој безимен пеонски град.

Во античко време големи населби можеле да израснат на два начина: или како стопански и управни средишта на некој богат земјоделско-сточарски регион, или како индустриски центри условени со други производни и стопански можности; во нашите краеви такви биле рударски градови кои израснувале наеднаш — со пронаоѓањето на богати рудни лежишта — но исто така наеднаш и исчезнувале, без да остават подолга трага во соодветниот регион.

Градот на Кнешкото градиште спаѓа во првата категорија. Се развил во југозападниот дел на Овчеполе, во крајот кој е релативно богат со вода и погоден и за земјоделие; инаку, другите делови на Овчеполе се суви, со степски особености и погодни за екстензивно сточарење. Сточарењето отсекогаш било

---

35) Ф. Папазоглу, Средњебалканска племена, 122—123, 134—141.

36) Исто, 220—221: тука треба да се истакне пред сè серија на многу силни продори на Скордисците од 120 до 108 г. пред н.е., за чие што нечуено дивјаштво и суровост во Македонија се раскажувало отпосле со векови.

главна стопанска гранка во овој регион. А градот кај Кнежје е изразит пример на едно големо средиште, кон кое гравитирал цел овој голем регион.

Кнежје не лежи директно на некој од пограничните премини од скопската котлина кон Овчеполе, меѓутоа сосем е близу до, речиси, сите премини. Жителите на толку голем пограничен град или воената посада што Филип V ја оставил во него, можеле секогаш навреме да фатат заседа на кој и да е пограничен премин или силно да ги загрозуваат Дарданците од грб кога тие веќе навлегле во македонската (пеонска) територија. Ова се нови согледувања кои исто така одат во прилог Кнешкото градиште да го сметаме за урнатините на Билазора.

*

* *

За жал, пишани потврди за идентификувањето на остатоците кај Кнежје со Билазора нема. Минимални се и шансите, во догледно време со некој епиграфски наод да го решиме овој проблем. Меѓутоа, имаме неми но неоспорни потврди за постоењето на еден гигант кај Кнежје, со јасна физиономија на неговиот живот — неговата временска и културна припадност, неговата урбана замисла, неговата положба и значење во рамките на овчеполскиот регион и поширокото пеонско подрачје. Остатоците кај Кнежје среде едноличните степски пејсажи делуваат неочекувано и дури нестварно. Бедемите како да не ги насипала човешката рака, а големината на градот го надвладува и бескрајот на рамницата. Затоа, ако ги споредиме овие остатоци со она што го знаеме за Билазора, престанува секоја потреба Билазора и натаму фиктивно да ја убицираме „некаде кај Титов Велес".

Ivan MIKULČIĆ

## DIE LAGE VON BYLAZORA

### (Zusammenfassung)

Bylazora, die grösste Stadt im vorrömischen Paionien, war bisheer nur annäherend lozieret: in Nordpaionien, ungefähr bei T. Veles[1]). Diese Hypothese war nur durch die Aussage Polybios' (V, 97) unterstützt; Philippus der Fünfte von Makedonien hatte diese Stadt von den Dardanern übernommen (im J. 217 v. u. Z.), und mit diesem auch die Wege und Grenzpässe, übeer diese die Dardaner in Makedonien (d. h. Paionien) einbrachen, unter Kontrole gestellt.

Auf der Karte 1 sind alle bekannte vorrömische Oppida Nordpaioniens dargestelt. Das sind hauptsächlich kleine Oppidula (bis 2,5 Hektars gross), neben manchen Oppida mittlerer Grösse (von 3—4 ha; solch ein liegt auch in der Vardarenge bei T. Veles — s. Abb. 2). Doch, das Oppidim bei Knežje,e in der Mitte des Ovčepole —Beckens, ist 19,6 ha gross. In den Rahmen von Paionien, wie auch der nachbarliegenden Gegenden (alte Amphaxitis, Pelagonien, Dassaretii, Süddardaninen) führte der Veerfasser Vermessen an nahe 50 Oppida aus vorömischer Zeit durch. Ihrer Grösse nach steht die Stadt bei Knežje weit vor allen anderen Ansiedlungen dieser Zeit.

Das Ovčepole — Becken stellt den nördlichsten Teil Paioniens, und später auch der römischen Provinz Macedonia dar. Das ist deutlich durch epigraphische Funde aus der Römerzeit bestätigt. Dank seiner Lage konnte das Oppidum bei Knežje fast alle Wege, die vom einstigen dardanischen Territorium nach Nordpaionien führten, zu kontrolieren. Gleichzeitig stellte dieses Oppidum den Mittelpunkt des wirtschaftlichen Lebens in diesem viehzuchttreibenden Gebiete dar.

Die Ansiedlung steht auf einer hohen Terrasse am Saume der Ebene. Sie war mit zwei Ringwällen umgezaunt (Abb. 3, 4, 11, 12). Der innere, ältere Burgwall ist in Form eines sehr massiven Dammes, von Erde und Stein aufgeschüttet; er ist noch heute im grössten Tei bis 8 m und mehr hoch. Oben auf dem Walle war eine starke Steinmauer aufgebaut, derren Aussenseite mit schön behauenen Steinquadern ausgestattet war (Ab. 5).

Das Innere des Burgplateau's war durch starke Quermauern in mehrere Terrassen geteilt. Auf der höchsten Terrasse zufällig sind Teile grosser Gebäude ausgegraben, die auch mit schönen Steinquadern ausgerüstet waren. Sehr häufig kommen hier auch Dachziegeln vom hellenistischen Typ (mit einseitigem Anstrich mit verdünntem Firnis), wie arch Terrakottaantefixe vor (Abb. 10).

Durch starke Bodenerosion sind heute riesige Furchen in der Nordhälfte der Ansiedlung entstanden (Abb. 13). Gerade dies hat ermöglicht, auf grosser Oberfläche eine genaue Stratigraphie der Kuiturschichten konstatieren, wie auch sehr viel Keramik und andere Kleinfunde zu sammeln.

Die Keramikformen und Kategorien gehören einem Zeitrahmen von der späten Halstattzeit bis in die volle hellenistische Epoche (Abb. 6—10). Späthellenistische oder auch spätere Funde sind nicht evidentiert. Auch die schriftliche Quellen weisen an gleichzeitigen Lebensabschluss von Bylazora hin.

Die Grösse des Oppidums bei Knežje, seine Lage, seine Fortifikation, die entdeckte Baureste und Kleinfunde — alles das stellt eine sichere Unterstützung zur Meinung dar, dass diese Reste von Bylazora stammen können.




Сл. 2 — Велешко Кале (планиметрија). Шрафираната зона во рамките на средновековниот одбрамбен ѕид претставува и површина на пеонска населба од хеленистичко време




Сл. 4 — Градиште, Кнежје (планиметрија)




Сл. 3 — Позиција на Градиште кај Кнежје



Сл. 5 — Градиште, Кнежје: камени квадери од одбрамбени ѕидови, диво ископани на теренот




Сл. 6 — Градиште, Кнежје: грнчарија работена со слободна рака (железно време).




Сл. 7 — Градиште, Кнежје: грнчарија украсена со црвен лак (бр. 13, 25, 65, 66 и 28) и сиво печени големи садови (бр. 1 и 4)




Сл. 8 — Градиште, Кнежје: сиво печена пеонска керамика (длабоки вази)




Сл. 9 — Градиште, Кнежје: сива пеонска керамика (форми на чинии)




Сл. 10 — Градиште, Кнежје: избор на керамика од халштатска до хеленистичка епоха



Сл. 11 — Градиште, Кнежје: силуета на големиот бедем и јужното предградие пред него. Поглед од југоисток



Сл. 12 — Исто, детал: јужното чело на внатрешниот бедем



Сл. 13 — Градиште, Кнежје: поглед на северниот крај со поројни бразди